**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2020/746 НА КОМИСИЈАТА**

**од 4 Јуни 2020**

**за изменување на регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/947 во однос на одложување на датумите за примена на одредените мерки во контекст на пандемијата со Ковид-19**

**(текстот е значаен за ЕЕЗ)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

Имајќи го предвид  Договорот за функционирањето на Европската Унија,

Имајќи ја предвид Регулативата бр. (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 04 јули 2018 за заеднички правила во обласа на цивилното волдухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите бр. (ЕУ) 2111/1005, (ЕЗ) 1008/2008, (ЕУ) 996/2010, (ЕУ) 376/2014 и на Директивите 2014/30ЕУ и 2014/2008ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот и за укинување на Регулативите  бр. (ЕЗ) 552/2004 и бр. (ЕЗ) 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата бр. (ЕЕЗ) 3922/91[(1)], и особено членот 57,

Каде:

(1) Воведените мерки во врска со пандемијата со Ковид-19 сериозно ја отежнуваат способноста на државите членки и воздухопловната индустрија да се подготват за примена на низа од неодамна усвоените регулативи за спроведување во областа на воздухоплобната безбеснот.
(2) Затварањата и промената на работните услови и расположивиот персонал, во комбинација со доплонителното работно оптеретување потербно за справување со значајните негативни последици од пандемијата со Ковид-19 на сите засегнати страни им ги отежнуваат подготовките за примена на овие Регулативи за спроведување.
(3) Доцнење при извршување на различните задачи потребни за соодветно и навремено спроведување на Регулативата бр. (ЕУ) 2019/947[(2)] , а особено на воспоставувањето системи за регистрација кои се дигитални и интероперабилни, како и прилагодување на овластувањата, декларациите и уверенијата издадени по основ на националните закони е неизбежно како последица на пандемијата со Ковид-19.
(4) Процесот на стандардизација и останатите поврзани активности водени од страна на индустријата и надлежните државни органи за стандардизацијата, како што се подготовката на методологија за тестирање или тестирање на технички решенија, како и далечинската идентификација се одложени.  Сето ова како последица ќе има негативен ефект на капацитетот на произведувачите да ставаат во оптек на пзарот ситеми за воздухоплови без екипаж кои се во согласност со Регулативата бр. (ЕУ) 2019/[945(3)].

(5) Така, на сите типови на воздухоплови без екипаж треба да им се дозволи да продолжат да оперираат под постојните услови за доплонителни 6 месеци. Тоа значи дека датумите за примена на Регулативата бр. (ЕУ) 2019/947 треба соодветно да се одложат, со цел да се дозволи операторите на воздухоплови без екипаж да ги користат воздухопловите без екипаж кои не се во согласност со дадената Регулатива бр. (ЕУ) 2019/947 за доплонтелни 6 месеци.
(6) Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството потврдува до Комисијата дека одлагањето на применанта на споменатата регулатива во ставот 3 е возможна без да се загрози безбедноста во воздухоловството бидејќи се однесува на краток период, воздушниот сообраќај се очекува споро да се опоравува во контекст на справување со пандемијата со Ковид-19, а тоа ќе резултира со помала изложеност на ризици, каде и националото законодавство ќе продолжи да се применува во членките каде се дозволени летачките операции со воздухоплови без екипаж.
(7) Со цел да се намали притисокот врз националните институции и сите засегнати страни во тек на пандемијата од Ковид-19 и да им се овозможии прилагодување на своите планови за одложена примена на дадените одердби, оваа регулатива траба да стапи во сила следниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Европската унија.
(8) Мерките предвидени со оваа регулатива се во соогласност со мислењето на комитетот воспоставен со член 127 на Регулатива бр. (ЕУ) 2018/1139.

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Се изменува Регулатива бр. (ЕУ) 2019/947 како што следи:

(1) во членот 20, „01 Јули 2022“ се заманува со „01 Јануари 2023“;
(2) членот 21 се менува како што следи:
    (а) во параграф 1 „01 Јули 2021“ се заманува со „01 Јануари 2022“;
    (б) во параграф 2 „01 Јули 2021“ се заманува со „01 Јануари 2022“;
    (в) во параграф 3 „01 Јули 2021“ се заманува со „01 Јануари 2022“;
(3) во член 22 „две години“ се заманува со „30 месеци“;
(4) во член 23 се менува како што следи:
    (а) во параграф 1 вториот под-параграф се заменува со следното:
    „Ќе се применува од 31 Декември 2020“;
    (б) параграф 5 се заменува со следното:
    „5. Параграф 3 на член 15 ќе се применува од 01 Јануари 2022“;

Член 2

Оваа регулатива стапува во сила следниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Европската унија.

Оваа регулатива е обврзувачка во целост и директно применлива во сите држави членки.

Донесена во Брисел, на 04 Јуни 2020.

Во име на Комисијата
Претседателот
Урсула Вон ден Лајен